РЕПУБЛИКА СЕВЕРНА МАКЕДОНИЈА
ОПШТИНА ВИНИЦА
СЕКТОР ЗА УРБАНИЗАМ, ЗЖС, Комунални дејности и ЛЕР

БР.11 – 446/11
Од 28.10.2026 год.
Општина Виница

Градоначалникот на Општина Виница, решавајќи по барањето на **Друштво за проектирање и услуги ПЛАН ДИЗАЈН ДОО Скопје,** во Општина Виница поднесено под број 243/26 заверено со арх.бр.11-446 од 06.08.2026, за одобрување на урбанистички проект вон опфат на урбанистички план, врз основа на член 62 став 7 и став 10 од Законот за урбанистичко планирање ("Сл.Весник на РСМ бр.32/20, 111/23, 171/24, 224/24, 40/25, 101/25, 127/25, 134/26), го издава следното:

РЕШЕНИЕ

Се одобрува **УРБАНИСТИЧКИ ПРОЕКТ ВОН ОПФАТ НА УРБАНИСТИЧКИ ПЛАН ЗА ИЗГРАДБА НА ФЕКАЛНА КАНАЛИЗАЦИЈА - ГОРНА НАСЕЛБА ВО с. ГРАДЕЦ, ОПШТИНА ВИНИЦА,** со технички број 243/26 од Септември 2026 год. изработен од **Друштво за проектирање и услуги ПЛАН ДИЗАЈН ДОО Скопје.**

ОБРАЗЛОЖЕНИЕ

Барателот **Друштво за проектирање и услуги ПЛАН ДИЗАЈН ДОО Скопје,** поднесе барање за одобрување на **Урбанистички проект вон опфат на урбанистички план со број на постапка 82409, со дел. број** 243/26 заверено со архивски број 11-446 од 06.08.2026 изработена од **Друштво за проектирање и услуги ПЛАН ДИЗАЈН ДОО Скопје**, за изработка на **Урбанистички проект вон опфат на урбанистички план за изградба на фекална канализација- Горна населба во с.Градец.**

Со барањето ја приложи следната документација и докази:

1. Предлог за урбанистички проект и идеен проект(pdf,dwg)

2. Ажурирана геодетска подлога (dwg)

3.Геодетски елаборат

4.Полномошно

5.Услови за планирање на просторот/решение за УПП

6.Мислење од институции, податоци информации

7.Проектна програма

8.Урбанистички проект и идеен проект (pdf.dwg)

Комисијата за урбанизам формирана од Градоначалникот на општина Виница со Решение бр. 03-1307 од 31.12.2025 година, по проучувањето на приложената документација со барањето и извршениот увид, констатира дека барањето е основано и Урбанистичкиот проект со тех.бр. 243/26 од Септември 2026 год. може да се одобри. Истото го потврди со мислење од комисија со бр. 11-446/8 од 28.09.2026 година.

Градоначалникот на општината Виница по извршениот увид на приложената документација со барањето и предлогот од Комисијата за урбанизам констатира дека барањето е основано и се исполнети условите од Законот за урбанистичко планирање ("Сл.Весник на РСМ бр.32/20, 111/23, 171/24, 224/24, 40/25, 101/25, 127/25, 134/26 год.).Врз основа на тоа, а согласно член 62 став 7 и став 10 од Законот за урбанистичко планирање донесе решение како во диспозитивот.

УПАТСТВО ЗА ПРАВНО СРЕДСТВО:

Против ова Решение,барателот може да изјави жалба во рок од 15 дена од денот на приемот на одобранието до министерот кој раководи со органот на државната управа надлежен за вршење на работите од областа на уредувањето на просторот.

Жалбата се таксира со 250,00 ден. административни такси.

ГРАДОНАЧАЛНИК

Mitko Kostadinovski

Digitally signed by Mitko Kostadinovski
Date: 2026.10.28 13:50:22 +01'00'